ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 09-12349/1

30. 10. 2026
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

О Д Л У К А

1. За извршител на работното место **Помлад соработник – Внатрешен ревизор на јавните установи основани од Град Скопје** со шифра УПР0101В04000, Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи основани од Град Скопје, Сектор за внатрешна ревизија, по јавен оглас бр.645/2026, се избира кандидатот **Сања Јовановска.**
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 16.09.2026 година во дневните весници „Нова Македонија”, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 645/2026 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Град Скопје на горенаведеното работно место.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација бр.10-2074/3 од 18.09.2026 година, ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас бр.645/2026 со којшто му предложи на Секретарот на Град Скопје за работното место Помлад соработник – Внатрешен ревизор на јавните установи основани од Град Скопје со шифра УПР0101В04000, Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи основани од Град Скопје, Сектор за внатрешна ревизија, да го избере кандидатот Сања Јовановска.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Агенцијата за администрација;
- Архивата.

Изготвил: Ј.Китановска
Контролирал: В.Ѓоргиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-SKOPJE * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT *

Град Скопје
Секретар

Славче Трпески